# С Л У Ж Б Е Н   Г Л А С Н И К
# НА ОПШТИНА БОСИЛОВО

СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА БОСИЛОВО ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА

28.04.2023 ГОДИНА
Б О С И Л О В О
БР.23 ГОД.28

ПРИМЕРОКОТ Е
Б Е С П Л А Т Е Н

## С о д р ж и н а

1.Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за спроведување на Програмата за развој на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион за 2022 година.

2.Одлука за склучување на спогодба за основање на локален економско-социјален совет.

3.Заклучок за усвојување на кварталното извршување на Буџетот на општина Босилово за прв квартал 2023 година (Образец К1,К2 и К3).

4.Буџетски календар за подготовка на Буџетот на општина Босилово за 2024 година.

5.Одлука за престанок и давање на користење на движни ствари-персонални компјутери со монитори-сопственост на општина Босилово на Општинските основни училишта:ООУ „Гоце Делчев“-Босилово;ООУ „Св.Кирил и Методиј“-Иловица и ООУ „Борис Трајковсаки“-Моноспитово.

6.Одлука за измени и дополнување на Годишниот план за вработување на административни службеници за 2023 година.

7.Одлука за доделување на финансиски средства на Демократските сили на Ромите како спонзорство за превоз на релација с.Сарај-Скопје и обратно на ден 07.04.2023 година,во висина од 9.000 денари.

8.Одлука за доделување на финансиски средства на Иницијативен одбор во с.Дрвош за одржување на културно-уметничка програма по повод празникот „Ѓурѓовден“ на 06.05.2023 година,во висина од 10.000 денари.

9.Одлука за доделување на финансиски средства на лицето Зоран Христов од с.Иловица како спонзорство за организација на коњски трки во с.Иловица,по повод верскиот празник „Св.Атанасиј“ на ден 15.05.2023 година,во износ од 10.000 денари.

10.Одлука за доделување на финансиски средства на Иницијативен одбор од с.Сарај како финасикска помош за уредување на црковниот двор во с.Сарај,во висина од 12.000 денари.

11.Одлука за доделување на финансиски средства на КУД „Кирил и Методи“-Иловица за реализација на традиционален настан и презентација на телевизиска емисија „Везилка“ и на „Велигденските средби“ во с.Ораовица,во висина од 18.000 денари.

12. Одлука за доделување на финансиски средства на КУД „Кирил и Методи“-Иловица за реализација на Традиционален фолклорен фестивал „Св.Атанас 2023 “година,што ќе се одржи на 13,14 и 15 мај 2023 година,во висина од 80.000 денари.

13.Решение Бр.Уп1 бр.10-6486 од 18.04.2023 година.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14)градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Заклучокот бр.08-895/1 за усвојување на Годишниот извештај за спроведување на Програмата за развој на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион за 2022 година,донесен на дваесети третата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 28.04.2023 година.

Бр.09-907/1 Општина Босилово
28.04.2023 година Градоначалник,
Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.

Врз основа на член 21,став1 ,точка 29 и член 79,став 1 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“бр.21/14) Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден 28.04.2023 година,донесе:

**З А К Л У Ч О К**

**За усвојување на Годишниот извештај за спроведување на Програмата за развој на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион за 2022 година**

1.Се усвојува Годишниот извештај за спроведување на програмата за развој на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион за 2022 година.

2.Овој заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Босилово“.

Бр.08-895/1 Совет на општина Босилово
28.04.2023 година Претседател,
Б о с и л о в о Мито Андонов с.р.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14)градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката бр.08-896/1 за склучување на спогодба за основање на локален економско-социјален Совет,донесена на дваесети третата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 28.04.2023 година.

Бр.09-908/1 Општина
Босилово 28.04.2023 година
Градоначалник,
Б о с и л о в о Ристо Манчев
с.р.

Врз основа на член член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Босилово, Советот на Општина Босилово на седницата одржана на ден 28.04.2023 година, донесе

**ОДЛУКА
ЗА СКЛУЧУВАЊЕ СПОГОДБА ЗА ОСНОВАЊЕ НА
ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСК0-СОЦИЈАЛЕН СОВЕТ**

**Член 1**

Заради следење, проучување и оценување на влијанието на економската и социјалната политика како и мерките на економската и социјалната политика на стабилност и развој на општината, Општина Босилово ќе склучи спогодба со претставник на деловната заедница / работодавачи и претставник на синдикатот за основање на Локален економско-социјален совет.

**Член 2**

Во Локалниот економско-социјален совет Општина Босилово ќе партиципира со двајца членови на Советот на општината и еден претставник од општинската администрација.

Локалниот економско-социјален совет ќе биде консултативно и советодавно тело на Советот на Општина Босилово.

**Член 3**

Спогодбата од член 1 на оваа одлука ќе ја склучи градоначалникот на Општина Босилово.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Босилово“.

Бр.08-898/1 Совет на Општина Босилово
28.04.2023 Претседател,
Босилово Мито Андонов с.р.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14)градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Заклучокот бр.08-897/2 за усвојување на кварталното извршување на Буџетот на општина Босилово за прв квартал 2023 година (Образец К1,К2 и К3),донесен на дваесети третата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 28.04.2023 година.

Бр.09-909/1 Општина Босилово
28.04.2023 година Градоначалник,
Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.

Врз основа на член 21,став1 ,точка 29 и член 79,став 1 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“бр.21/14) Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден 28.04.2023 година,донесе:

**З А К Л У Ч О К**

**За усвојување на кварталното извршување на Буџетот на општина Босилово за прв квартал 2023 година (Образец К1,К2 и К3)**

1.Се усвојува кварталното извршување на Буџетот на општина Босилово за прв квартал 2023 година (Образец К1,К2 и К3).

2.Овој заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Босилово“.

Бр.08-897/2 Совет на општина Босилово
28.04.2023 година Претседател,
Б о с и л о в о Мито Андонов с.р.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“

бр.21/14)градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Буџетскиот календар бр.08-898/1 за подготовка на Буџетот на општина Босилово за 2024 година,донесен на дваесети третата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 28.04.2023 година.

Бр.09-910/1 Општина Босилово
28.04.2023 година Градоначалник,
Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.

Врз основа на член 27 став 4 и 5 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (Службен весник на РМ бр.61/04, 96/04, 67/07, 22/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18, и Службен весник на РСМ бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22) Советот на општина Босилово на 22-та седницата одржана на 28.04.2023 година донесе:

**Општински Буџетски календар**

**за подготовка и донесување на Буџетот на општина Босилово за 2024 година**

| **Датум** | **Буџетски активности** | **Одговорност** |
|---|---|---|
| Најдоцна до 30 април 2023 година | Советот на општината донесува Буџетски календар | Совет на општина Босилово |
| Мај/Јуни 2023 година | Советот на Општината разгледува развојни документи и започнува процесот за подготовка на Планот на програмите за развој за | Совет/општинска администрација |

| | |
|---|---|
| | наредната фискална година |
| Август/Септември 2023 година | Се анализираат резултатите/ реализацијата на програмите/проектите од претходниот период , и потребата за нивно унапредување, дополнување, продолжување/прекинување итн.. По потреба се реализираат првични форумски сесии/консултативни средби со граѓаните |
| Август/Септември 2023 година | Градоначалникот подготвува и доставува општински буџетски циркулар со образложение за потребните средства до општинските буџетски корисници и одговорните одделенија за подготовка на Годишните програми |
| До 30 Септември 2023 година | Министерот за финансии доставува буџетски циркулар со насоки за изготвување на Предлог-буџетот за наредната година до општината |
| Октомври 2023 година | Општинските буџетски корисници и одговорните одделенија за подготовка на Годишните програми ги доставуваат предлог-пресметките за наредната година со образложение за висината на износите по позиции |
| Октомври 2023 година | Анализа на фискалниот капацитет на општината и комуникација со секој од клучните сектори во општината (со цел утврдување на нивните фискални потреби (буџетски трошења) во контекст на нивните планирани активности). Усогласување на аналитичките |

| | | |
|---|---|---|
| | информации со целите/ приоритетите/активностите во секој од општинските сектори | |
| Крај на декември 2023 година | -Донесување на Одлука за извршување на буџетот на општината | |
| Октомври 2023 година | Разгледување на нови барања и предлози по кои одлучува и дава насоки Градоначалникот | Градоначалник Општинска администрација |
| | -Донесување на Одлука за вредноста на бодот за пресметување на платата на државните службеници | |
| Најдоцна до 20 октомври 2023 година | Предлог план на програми за развој и Годишните програми усогласен со насоките од Циркуларот се доставува на одобрување до Советот на општината | Градоначалникот |
| Најдоцна до 15 ноември 2023 година | Се финализираат, разгледуваат и усвојуваат Планот на програмите за развој и Годишните програми за наредната фискална година | Совет на општина |
| Крај на ноември 2023 година | Градоначалникот го разгледува и одобрува Предлог-буџетот за наредната година подготвен од страна на финансискиот оддел на општината. | Градоначалник |
| Декември 2023 година | До Советот се доставува конечен Предлог-буџет од страна на Градоначалникот со соодветно образложение | Градоначалник |
| Декември 2023 година | Се води расправа во телата на Советот на Општината. | Совет на општина/ Комисија за финансирање, буџет и локален економски развој |
| | -Донесување на Буџетот за наредната буџетска година. | |

Буџетскиот календар влегува во сила по објавувањето во Сужбен гласник на општина Босилово.

**Образложение кон Буџетскиот календар**

Согласно Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа во член 27 став 4 и 5 утврден е буџетскиот календар во кој се утврдуваат роковите за планирање на општинскиот буџет од страна на советот на општината. Буџетскиот календар ги дефинира активностите кои треба да се спроведат во утврдени рокови со цел да се изврши добра подготовка и планирање на буџетот за наредната фискална година, а истовремено и активности што значат извршување на буџетот низ финансиските извештаи што ги доставува општината или следење на извршувањето на буџетот од општинската администрација со конкретни датуми,

Со буџетскиот календар се утврдуваат роковите во кои е потребно да се спроведаат неопходните активности кои ги

презема градоначалникот за доставување на главните насоки за изготвување на финансиските планови на општинските буџетски корисници. Врз основа на утврдените приоритети на Општината и целите кои треба да се постигнат во одредени области за конкретни активности, општинските буџетски корисници ги доставуваат своите финансиски планови до градоначалникот. По изготвувањето на Буџетот, градоначалникот го доставува Предлогот-Буџетот за 2024 година до Советот на општина Босилово кој до 31.12.2023 година треба да го усвои, а од 01.01.2024 година почнува нова Буџетска година со нов буџетски календар.

Одделение за финансиски прашања

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14)градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката бр.08-899/1 за престанок и давање на трајно користење на движни ствари-персонални компјутери со монитори-сопственост на општина Босилово на Општинските основни училишта во општина Босилово:ООУ„Гоце Делчев“-Босилово;ООУ „Св.Кирил и Методиј“-Иловица и ООУ „Борис Трајковски“-Моноспитово,донесена на дваесети третата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 28.04.2023 година.

Бр.09-911/1 Општина Босилово
28.04.2023 година Градоначалник,
Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/02) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Босилово (Службен гласник на општина Босилово бр.21/14 ) Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден 28.04.2023 година донесе:

**О Д Л У К А**

**За престанок и давање на трајно користење на движни ствари персонални комјутери со монитор сопственост на Општина Босилово на Општинските основни училишта**

**Член 1**

Со оваа одлука на досегашниот сопственик Општина Босилово му престанува правото на сопственост на следните движни ствари:

| Р.бр. | Опис на движната ствар | Инвен број |
|---|---|---|
| 1. | Комјутер<br>Кукиште – ЛГ и Монитор ЛОГ | |
| 2. | Комјутер<br>Кукуште – ЛГ и Монитор ЛОГ | |
| 3. | Комјутер<br>Кукуште – ЛГ и Монитор ЛОГ | |

**Член 2**

Движните ствари од точка 1 од оваа одлука, се даваат на трајно користење

без надомест за потребите на општинските основни училишта и тоа:

- ООУ Гоце Делчев Босилово - Комјутер -Кукиште – ЛГ и Монитор ЛОГ инвентарен број 494 -количина 1
- ООУ Св.Кирил и Методиј Иловица - Комјутер -Кукиште – ЛГ и Монитор ЛОГ инвентарен број 495 - количина 1
- ООУ Борис Трајковски Моноспитово - Комјутер -Кукиште – ЛГ и Монитор ЛОГ инвентарен број 496 -количина 1

**Член 3**

Врз основа на оваа одлука и записникот за примопредавање, општина Босилово ќе ги избрише од својата сметководствена евиденција,додека општинските основни училишта ќе ги евидентираат во својата книговодствена евиденција.
-прилог на оваа одлука е пописна листа на движните ствари од член 1 на оваа одлука.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Босилово.

Бр.08-899/1 Совет на општина Босилово
28.04.2023 година Претседател,
Б о с и л о в о Мито Андонов с.р.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14)градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката бр.08-900/1 за измени и дополнување на Годишниот план за вработување на административни службеници за 2023 година,донесена на дваесети третата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 28.04.2023 година.

Бр.09-912/1 Општина Босилово
28.04.2023 година Градоначалник,
Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.

Врз основа на членовите 20 б став(2) и став(11) од Закон за вработени во јавниот сектор(Сл.весник на РМ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Сл.весник на РСМ“ бр.143/2019 14/2020,95/2020,302/2020),член 32 од Закон за административни службеници (Службен весник на РМ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 05/2016, 142/16 и 11/18 и Сл.весник на РСМ бр.275/19,14/20,112/2020,215/2021,99/2022), член 21 став 1 точка 43 од Статут на општина Босилово (Сл.гласник на ОБ бр.21/14),Советот на општина Босилово на седница одржана на ден 28.04.2023 година донесе:

**ОДЛУКА**

**за давање согласност на Измена и дополнување на Годишен план за вработување за 2023 година на со арх.бр.041649/1 од 18.07.2022 година и Балансер**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Измена и дополнување на Годишниот план за вработување за 2023 година на административните службеници во општинската администрација Босилово со

арх.бр.041649/1 од 18.07.2022 година и Балансер .

**Член 2**

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Босилово“.

Бр.08-900/1 Совет на општина Босилово
28.04.2023 година Претседател,
Б о с и ло в о Мито Андонов с.р.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14)градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката бр.08-901/1 за доделување на финансиски средства на Демократските сили на Ромите како спонзорство за превоз на релација с.сарај-Скопје и обратно на ден 07.04.2023 година,во висина од 9.000 денари,донесена на дваесети третата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 28.04.2023 година.

Бр.09-913/1 Општина Босилово
28.04.2023 година Градоначалник,
Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.

Врз основа на член 21,став1 ,точка 43 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“бр.21/14) Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден 28.04.2023 година,донесе

**О Д Л У К А**

**За доделување на финансиски средства на Демократските сили на Ромите како спонзорство за превоз на релација с.Сарај-Скопје и обратно на ден 07.04.2023 година, во висина од 9.000 денари**

Член 1

Да се доделат финансиски средства на Демократските сили на Ромите како спонзорство за превоз на релација с.Сарај-Скопје и обратно на ден 07.04.2023 година, во висина од 9.000 денари**.**

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Босилово“.

Бр.08-901/1 Совет на општина Босилово
28.04.2023 година Претседател,
Б о с и л о в о Мито Андонов с.р.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14)градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката бр.08-902/1 за доделување на финансиски средства на Иницијативниот Одбор во с.Дрвош за одржување на културно-уметничка програма по повод празникот „Ѓурѓовден“ на 06.05.2023 година,во висина од 10.000 денари,донесена на дваесети третата седница на Советот на општина

Босилово,одржана на ден 28.04.2023 година.

Бр.09-914/1 Општина Босилово
28.04.2023 година Градоначалник,
Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.

Врз основа на член 21,став1 ,точка 4 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“бр.21/14) Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден 28.04.2023 година,донесе:

**О Д Л У К А**

**За доделување на финансиски средства на Иницијативниот Одбор во с.Дрвош за одржување на културно-уметничка програма по повод верскиот празник „Ѓурѓовден“ на 06.05.2023 година,во висина од 10.000 денари**

Член 1

Да се доделат финансиски средства на Иницијативниот Одбор во с.Дрвош за одржување на културно-уметничка програма по повод верскиот празник „Ѓурѓовден“ на 06.05.2023 година,во висина од 10.000 денари.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето,а ќе се објави во во „Службен гласник на општина Босилово“.

Бр.08-902/1 Совет на општина Босилово
28.04.2023 година Претседател,
Б о с и л о в о Мито Андонов с.р.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14)градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката бр.08-903/1 за доделување на финансиски средства на лицето Зоран Христов од с.Иловица како спонзорство за организација на коњски трки во с.Иловица,по повод верскиот празник „Св.Атанасиј“ на ден 15.05.2023 година,во износ од 10.000 денари,донесена на дваесети третата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 28.04.2023 година.

Бр.09-915/1 Општина Босилово
28.04.2023 година Градоначалник,
Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.

Врз основа на член 21,став1 ,точка 4 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“бр.21/14) Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден 28.04.2023 година,донесе:

**О Д Л У К А**

**За доделување на финансиски средства на лицето Зоран Христов од с.Иловица како спонзорство за организација на коњски трки во с.Иловица,по повод верскиот празник „Св.Атанасиј“ на ден 15.05.2023 година,во износ од 10.000 денари**

Член 1

Да се доделат финансиски средства на лицето Зоран Христов од с.Иловица како спонзорство за организација на коњски трки

во с.Иловица,по повод верскиот празник „Св.Атанасиј“ на ден 15.05.2023 година,во износ од 10.000 денари.

Член 2

Средствата кои се доделени да бидат уплатени на следната трансакциона-сметка:5351355006020541 депонент-Халк банка АД Скопје.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето,а ќе се објави во во „Службен гласник на општина Босилово“

Бр.08-903/1 Совет на општина Босилово
28.04.2023 година Претседател,
Б о с и л о в о Мито Андонов с.р.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14)градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката бр.08-904/1 за доделување на финансиски средства на Иницијативниот Одбор од с.Сарај како финансиска помош за уредување на црковниот двот во с.Сарај,во износ од 12.000 денари,донесена на дваесети третата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 28.04.2023 година.

Бр.09-916/1 Општина Босилово
28.04.2023 година Градоначалник,
Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.

Врз основа на член 21,став1 ,точка 4 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“бр.21/14) Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден 28.04.2023 година,донесе:

**О Д Л У К А**

**За доделување на финансиски средства на Иницијативниот Одбор од с.Сарај како финансиска помош за уредување на црковниот двор во с.Сарај,во износ од 12.000 денари**

Член 1

Да се доделат финансиски средства на Иницијативниот Одбор од с.Сарај како финансиска помош за уредување на црковниот двор во с.Сарај,во износ од 12.000 денари.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето,а ќе се објави во во „Службен гласник на општина Босилово“.

Бр.08-904/1 Совет на општина Босилово
28.04.2023 година Претседател,
Б о с и л о в о Мито Андонов с.р.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14)градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката бр.08-905/1 за доделување на финансиски средства на КУД „Кирил и Методи“-Иловица за реализација на традиционален настан и

презентација на телевизиска емисија „Везилка“ и на Велигденските средби во с.Ораовица,во висина од 18.000 денари,донесена на дваесети третата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 28.04.2023 година.

Бр.09-917/1 Општина Босилово
28.04.2023 година Градоначалник,
Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.

Врз основа на член 21,став1 ,точка 43 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“бр.21/14) Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден 28.04.2023 година,донесе:

**О Д Л У К А**

**За доделување на финансиски средства на КУД „Кирил и Методи“-Иловица за реализација на традиционален настан и презентација на телевизиска емисија „Везилка“ и на Велигденски средби во с.Ораовица,во висина од 18.000 денари**

Член 1

Да се доделат финансиски средства на КУД „Кирил и Методи“-Иловица за реализација на традиционален настан и презентација на телевизиска емисија „Везилка“ и на Велигденски средби во с.Ораовица,во висина од 18.000 денари.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Босилово“.

Бр.08-905/1 Совет на општина Босилово
28.04.2023 година Претседател,
Б о с и л о в о Мито Андонов с.р.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14)градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката бр.08-906/1 за доделување на финансиски средства на КУД„Кирил и Методи“-Иловица за реализација на Традиционалниот фолклорен фестивал „Св.Атанас 2023 година “,што ќе се одржи на 13,14 и 15 мај 2023 година,во висина од 80.000 денари,донесена на дваесети третата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 28.04.2023 година.

Бр.09-918/1 Општина Босилово
28.04.2023 година Градоначалник,
Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.

Врз основа на член 21,став1 ,точка 43 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“бр.21/14) Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден 28.04.2023 година,донесе:

**О Д Л У К А**

**За доделување на финансиски средства на КУД „Кирил и Методи“-Иловица за реализација на Традиционален фолклоред фестивал „Св.Атанас 2023 година“ што ќе се одржи на 13,14 и 15**

**мај 2023 година,во висина од 80.000 денари**

Член 1

Да се доделат финансиски средства на КУД „Кирил и Методи“-Иловица за реализација на Традиционален фолклоред фестивал „Св.Атанас 2023 година“ што ќе се одржи на 13,14 и 15 мај 2023 година,во висина од 80.000 денари.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Босилово“.

Бр.08-906/1 Совет на општина Босилово
28.04.2023 година Претседател,
Б о с и л о в о Мито Андонов с.р.

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Општина БОСИЛОВО**
**Бр.Уп1 бр.10-6486**
**18.04.2023год.**
**БОСИЛОВО**

Општина БОСИЛОВО, решавајќи по барањето на А1 Македонија Скопје, од Скопје поднесено под број Уп1 бр.10-6486 од 2022 год., врз основа на член 74 став (3) од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ број 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12,144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14 и 149/14), а во врска со член 205 став 1 и член 209 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/2005, 110/08и 51/11), го донесува следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се одобрува барањето на А1 Македонија Скопје, од 2022 и се одобрува изведување односно поставување на оптички кабли-оптички кабли со кабелска канализација-кабелска канализација во К.О. Еднокуќево (К.П. Бр.1529,1526,254 и 1528/1) и К.О.Босилово вон град (3486, 3467, 3435 и 3466), општина Босилово - за изградба на линиска инфраструктура, телекомуникациски водови.

Инвеститорот може да отпочне со изведување на градбата односно поставување на опремата по правосилноста на ова решение.

**О б р а з л о ж е н и е**

Инвеститорот А1 Македонија Скопје, поднесе барање бр. Уп1 бр.10-6486 од 2022 год., за изведување односно поставување на оптички кабли-оптички кабли со кабелска канализација-кабелска канализација во К.О. Еднокуќево (К.П. Бр.1529,1526,254 и 1528/1) и К.О.Босилово вон град (3486,3467, 3435 и 3466), општина Босилово - за изградба на линиска инфраструктура, телекомуникациски водови.

Инвеститорот со барањето достави:

1. Основен проект со тех.бр. 66/2022 од 27 мај 2021 г, изработен од Еуро Партнер Груп ДОО Скопје.
2. Извештај за извршена ревизија на основниот проект, направен од Еуро Партнер Груп ДОО Скопје со бр.08-66/2022 од 17.08.2022 г.
3. Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени за инфраструктурен објект со бр.0806-468/1 од 09.06.2022 година изработен од ДПЗИТ ГЕОФОТО-ЗЕНИТ ДОО Скопје.

4. Потврда за проверка на геодетски елаборат  КО Еднокуќево со бр.03-364/3-6/2022 од 08.06.2022 г, издадена од Агенција за катастар на недвижности.
5. Листа на нотифицирани субјекти издадена од Агенција за електронски комуникации на ден 07.10.2019.
6. Список на индикации за катастраските парцели К.О. Еднокуќево (К.П. Бр.1529,1526,254 и 1528/1) и К.О.Босилово вон град (3486,3467, 3435 и 3466), општина Босилово издаден од Агенција за катастар на недвижности со арх.бр.09-21/342 од 13.06.2022 година.
7. Полномошно со кое управителите на Друштвото за комуникациски услуги А1 Македонија ДООЕЛ Скопје го овластуват Еуро Партнер Груп ДОО Скопје, да ги застапува пред надлежните органи за добивање на одобрение за градење односно решение за одобрување  со бр.03-2735/1 од 18.05.2021 година.
8. Копија од катастарски план.
9. Доказ за платена административна такса во износ од 850 ден.

Врз основа на горе изнесеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Упатство за правно средство:**

(Против решението на градоначалникот на општината, општината на градот Скопје односно градот Скопје може да се изјави жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението, до министерот кој раководи со органот на државна управа надлежен за вршење на работите на уредување на просторот, а против решението на министерот кој раководи со органот на државна управа надлежен за вршење на работите на уредување на просторот, може да се изјави жалба во рок од осум дена од денот на прием на решението, до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.)

Таксата по тарифа бр. од Законот за административни такси во износ од 850 ден. е наплатена и приложена со барањето.

Општина Босилово
Градоначалник,
Ристо Манчев  с.р.